**Арх. бр.15 885/2**

**Дата:** 30-01-2024

До: Општина Карпош
Ул. Радика бр. 9 бараки бр. 1 и бр. 2
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Предмет: Известување и достава на Решение за ништовност
Врска: ваш арх. бр. 45-40/3 од 23.01.2024 год.

Почитувани,

Во врска Ваше Известување бр. 45-40/3 од 23.01.2024 год., доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под **арх.бр. 15 885/1 од 09.01.2024 год.**, поврзано со носење на планскиот документ **Детален урбнаистички план за Градска четврт СЗ 19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, плански период 2018-2023 год. – Општина Карпош,** ве исвестуваме за следното:

- По разгледување на доставените нови факти (CD со Регулациски план за Градска четврт СЗ 19 и Позитивно мислење на планот издадено од Град Скопје бр. 13-12116/2 од 12.12.2023 год.), согласно член 114, 115, 116 и член 124 и 125 од Законот за општа управна постапка ("Сл.весник на РМ" бр. 124/15 и 65/18), Министерството за животна и просторно планирање **го прогласи за ништовно** донесеното Решение за спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина бр. УП1-15 2616/2023 од 27.12.2023 год., со кое што Ве задолживме да спроведете Стратегиска оцена на влијанието врз животнта средина и здравјето на лугето и постапката ја повтори по службена должност на Ваше барање.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- Согласно доставените нови факти (CD со Регулациски план за Градска четврт СЗ 19 и Позитивно мислење на планот издадено од Град Скопје бр. 13-12116/2 од 12.12.2023 год.), по повторување на постапката Министерството за животна средина и просторно планирање **ја прифаќа** донесената Одлука за неспроведување на стратегиска оцена бр. 11-1148/11 од 12.12.2023 год., и Формуларот од 12.12.2023 год.

Со почит,

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изработил: Зарије Абази

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска

Согласен: Државен Секретар

Nebi Rexhepi

Прилог: Решение за огласување на ништовност на решението со бр. УП1-15 2616/2023 од 27.12.2023 год. за спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Архивски знак:__________
Рок на чување:__________ год.
__________202__ год.
Потпис,
__________

Арх. бр. УП1-15-2616/2023
Дата: 30-01-2024

Врз основа на член 114, 115, и 116 и член 124 став (1), став (2) и став (5) и член 125 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), а во врска со известување од општина Карпош бр. 45-40/3 од 23.01.2024 година, Министерот за животна средина и просторно планирање донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За огласување на ништовност на решението бр. УП1-15 2616/2023 од 27.12.2023 год. за спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина**

Решението со УП1-15 2616/2023 од 27.12.2023 год. за спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за планскиот документ Детален урбнаистички план за Градска четврт СЗ 19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, плански период 2018-2023 год. – Општина Карпош, **СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВНО** по службена должност и по барање на странката бидејќи содржи неправилност според изречена законска одредба предвидена како причина за ништовност и постапката од тие причини се повторува.
Со огласувањето за ништовно решение се поништуваат и правните последици што ги произвел таквиот управен акт.

**Образложение**

Општина Карпош достави Одлука за неспорведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина бр. 11-1148/11 од 12.12.2023 год. за изработка на плански документ Детален урбнаистички план за Градска четврт СЗ 19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, плански период 2018-2023 год. – Општина Карпош, и Формулар за определување на потребата од неспроведување на СОВЖС, до Министерството за животна средина и просторно планирање. По разгледување на Одлуката, Формуларот и другите приложени документи донесено е Решение за спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина со бр.УП1-15 2616/202 од 27.12.2023 год.

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

По доставено барање од страна на општина Карпош со бр.45-40/3 од 23.01.2024 год., како и достава во нови факти од страна на стручните служби по службена должност е утвредно дека има потреба да се постапи согласно член 114, 115 и 116 како врз основа на член 124 став (1), став (2) и став (5) и член 125 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015). Врз основа на погоренаведеното одлучено е како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изработил: Зарије Абази

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска

2. март.

Согласен: Државен Секретар

Nebi Rexhepi

**Доставено и до:**

- Архива
- Органот

* Решението се објавува на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање www.moepp.gov.mk

ГРАД СКОПЈЕ

Комисија за урбанизам на Град Скопје

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 13-12116/2
12. 12 2023
СКОПЈЕ - SHKUP

Комисијата за урбанизам на Град Скопје согласно член 10 точка 1 алинеа 3 од Законот за градот Скопје („Службен весник на РМ“ бр. 55/04 и 158/11) и член 23 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), постапувајќи по барањето од Општина Карпош со број 45-1148/10 од 28.11.2023 година, го разгледа *Конечниот предлог* **Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 19, Општина Карпош - Скопје**, и го дава следното:

**М И С Л Е Њ Е**

По разгледување на *Конечниот предлог* **Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 19, Општина Карпош - Скопје,** плански период 2019-2023, со површина од 34,185 ха, изработен од Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје, со технички број 0801-581/18, од ноември 2023, констатирано е дека е изработен во согласност со одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 („Службен Гласник на Град Скопје“ бр. 18/12) и се почитувани одредбите за примарната сообраќајна мрежа на Генералниот урбанистички план на Град Скопје (2012-2022), („Службен Гласник на Град Скопје“ бр. 18/12 ), поради што Комисијата за урбанизам на Град Скопје дава позитивно мислење.

**Комисија во состав:**

| | | |
|---|---|---|
| Ивана Бајкова Шаља, диа | Зам.Претседател, | |
| Иво Ѓорѓиев, диа | Член, | Ivo Gjorgiev Digitally signed by Ivo Gjorgiev |
| Лидија Андреевска,диа | Член, | Lidija Andreevska Digitally signed by Lidija Andreevska Date: 2023.12.12 14:03:29 +01'00' |
| Снежана Митовска, диа | Член, | |
| Петар Туфа, диа | Член, | Petar Tufa Digitally signed by Petar Tufa DN: c=MK, ou=Makedonski Telekom CA Natural Persons, sn=Tufa, givenName=Petar, cn=Petar Tufa, serialNumber=CRT3694409 Date: 2023.12.12 13:11:11 +01'00' |
| Цветанка Маркушоска, диа | Зам.Член, | Cvetanka Markushoska Digitally signed by Cvetanka Markushoska DN: c=MK, ou=Makedonski Telekom CA Natural Persons, givenName=Cvetanka, serialNumber=CRT3682336, sn=Markushoska, cn=Cvetanka Markushoska |
| Александар Пупков, дси | Член. | ALEKSANDAR PUPKOV Digitally signed by ALEKSANDAR PUPKOV Date: 2023.12.12 13:50:22 +01'00' |

- **ГУП на град Скопје, 2012-2022 (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012 г.)**




- **Регулациски план ГУП на град Скопје (2020-2022) за Градска Четврт СЗ 19, (Одлука бр.27-1496/5 од 23.02.2021 г.)**




- **Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 19, помеѓу Бул. Партизански одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош, Скопје**



| ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЧЕТВРТ | | ДОЗВОЛЕНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ И ГРУПИ НА КЛАСИ НА НАМЕНИ | | | | | | | | | | | | | |
| СЗ19 | | А (ДОМУВАЊЕ) | Б (КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ) | В (ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ) | Г2, Г3, Г4 (ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ И СТОВАРИШТА) | Г1 (ТЕШКА ИНДУСТРИЈА - ЗАГАДУВАЧКА) | Д1 (ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО) | Д2 (ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО) | Д3 (СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА) | Д4 (МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ) | Е1 (КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА) - ЈАВНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ, УЛИЦИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ | Е2 (КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА) | Е3 (НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА) | ПОВРШИНА ПОД СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА | МИНИМАЛНИ ПОВРШИНИ ПОД ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО, ОДНОСНО ЈАВЕН ПРОСТОР |
| **ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - СПОРЕД ГУП 2012-2022 ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 19** | | | | | | | | | | | | | | | |
| % | 100 | 63.45 | 0.00 | 8.19 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 2.32 | 4.04 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 20.00 | 2.00 |
| ХА | 22.47 | 17.43 | 0.00 | 2.25 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.64 | 1.11 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 5.49 | 0.55 |
| **ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - СПОРЕД РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН 2021-2022 ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 19** | | | | | | | | | | | | | | | |
| % | 100 | 63.45 | 0.00 | 8.19 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 2.32 | 4.04 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 20.00 | 2.00 |
| ХА | 27.47 | 17.43 | 0.00 | 2.25 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.64 | 1.11 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 5.49 | 0.55 |
| **ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - СПОРЕД ДУП ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 19** | | | | | | | | | | | | | | | |
| % | 100 | 52.52 | 0.00 | 9.80 | 0.00 | 0.00 | 1.15 | 4.76 | 3.06 | 0.00 | 0.03 | 0.25 | 0 | 25.14 | 0.80 |
| ХА | 27.47 | 14.43 | 0.00 | 2.69 | 0.00 | 0.00 | 0.32 | 1.31 | 0.84 | 0.00 | 0.69 | 0.07 | 0.00 | 6.90 | 0.22 |

Во контекст на писмото за спроведување на Стратегиска оцена:

- Намалена е површината на намената А-домување за 3000м$^2$
- Зголемена е површина на Д2 заштитно зеленило за 6700м$^2$
- Зголемена е површина на Д1 парковско зеленило за 3200м$^2$
- Плоштад Делфина со постојното детско игралиште се евидентирани со намена Е1 – плоштад со површина од 6764м$^2$
- Намалена е површината е површина на Д3 спорт и рекреација за 270м$^2$ за сметка на намена Е1-патна инфраструктура – постојна станбена улица со планиран јавен паркинг, притоа не се нарушуваат постојните отворени спортски терени евидентирани во ажурираната геодетска подлога.

Во контекст на одредбите од ГУП Скопје 2012-2022:

- Просечна катност со ГУП е предвидена 5 нивои со ДУП е предвидена 3 нивои (средна вреност на катностите на сите градби за домување А1 и А2)
- Вкупна бруто површина предвидена со ДУП е помала од планираната со ГУП
- Урбанистичкиот план има позитивни мислење од Град Скопје во однос на усогласеноста со одредбите од ГУП на град Скопје 2012-2022

| | ПОВРШИНА НА ЧЕТВРТ ВО ХА | ДОМИНАН-ТНА КЛАСА НА НАМЕНИ | MAX. ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА ДОМУВАЊЕ ХА | **ПРОСЕЧЕН** ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕ-НОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **P %** | **ПРОСЕЧЕН** БРОЈ НАДЗЕМНИ НИВОИ ЗА ДОМУВАЊЕ | ПРОСЕЧНА БРУТО ИЗГРАДЕНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ М2 | ПРОСЕЧЕН КОЕФИЦИ-ЕНТ НА ИСКОРИСТЕ-НОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **К** | MAX. ДОЗВОЛЕН БРОЈ ЖИТЕЛИ, ОДНОСНО КОРИСНИЦИ ВО ЧЕТВРТТА | ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА СЕМЕЈСТВА | MAX. ДОЗВОЛЕНА НЕТО ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ **Ж/ХА** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СПОРЕД ГУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 19** | **27.47** | **А (ДОМУВАЊЕ)** | **17.43** | **36.36** | **5** | **316875** | **1.82** | **9750** | **2708** | **559** | **СПОРЕД ГУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 19 (2012-2022)** |
| **СПОРЕД РП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 19** | **27.47** | **А (ДОМУВАЊЕ)** | **17.43** | **36.36** | **5** | **316875** | **1.82** | **9750** | **2708** | **559** | **СПОРЕД РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 19 (2021-2022)** |
| **СПОРЕД ДУП ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 19 (2018-2023)** | **27.47** | **А (ДОМУВАЊЕ)** | **14.43** | **62.58** | **3** | **270835** | **1.88** | **5090** | **1414** | **353** | **СПОРЕД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 19 (2018-2023) (демографски пресметки)** |